AMERICAN COUNCILS
FOR INTERNATIONAL EDUCATION

Почитуван Градоначалнику,

Со задоволство Ве информираме дека е отворен повикот за пријавување на средношколци за **YES Semester Program (јануари-јуни 2027)**, програма финансирана од **U.S. Department of State**, која повеќе од две децении им овозможува на средношколци од Северна Македонија да престојуваат во Соединетите Американски Држави, да посетуваат американско средно училиште и да живеат во американско семејство домаќин.

Преку програмата, учесниците стекнуваат нови академски, лидерски и интеркултурни вештини и имаат можност достојно да ја претставуваат Северна Македонија како млади амбасадори на својата земја.

Со оглед на тоа што рокот за пријавување е **15 септември 2026 година**, би Ви биле благодарни доколку Општината помогне во промоцијата на повикот преку:

- објавување на информацијата на веб-страницата на Општината;
- споделување на повикот на официјалните профили на социјалните медиуми;
- проследување на информацијата до средните училишта на територијата на Општината;
- споделување на приложениот промотивен постер преку достапните комуникациски канали.

Веруваме дека локалната самоуправа има важна улога во создавањето можности за младите и во нивното информирање за квалитетни образовни и развојни програми. Вашата поддршка може да придонесе повеќе ученици да дознаат за оваа можност и успешно да аплицираат.

Повеќе информации за средношколците:
**Краен рок за пријавување:** 15 септември 2026 година

**Право на аплицирање имаат ученици кои во учебната 2026/2027 година посетуваат 1ва, 2ра или 3та година средно образование.**

Повеќе информации за програмата: https://northmacedonia.americancouncils.org/yes-mk

Директен линк за аплицирање: https://ais.americancouncils.org/cgi-bin/WebObjects/AIR.woa/wa/login?brand=yes

Ви благодариме за соработката и за Вашата континуирана поддршка на младите луѓе во Северна Македонија.

Со почит,

Директор, Весна Наумовска Циноска

Американски совети за меѓународно образование Вашингтон-САД подружница во Република Македонија Скопје

Ul. "Vasil Glavinov" 6/1-7; 1000 Skopje, North Macedonia; T + 389 2 3076 522;
mk@americancouncils.org
DIB: 4030009055011 | www.americancouncils.org | northmacedonia.americancouncils.org